# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.38 од 24.02.2014 година**

**Член 1**

Во Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" број 79/2009, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13 и 164/13), во членот 10 став 1 по алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:
„- мерки за субвенционирање за вработување на невработени лица, корисници на социјална парична помош,".

**Член 2**

По членот 55 се додава нов член 55-а, кој гласи:

**„Член 55-а**

Корисник на социјална парична помош може да се вработи кај работодавач во приватниот сектор со субвенционирано вработување, согласно со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.
Центарот за социјална работа е должен по службена должност да доставува еднаш месечно, како и на барање на Агенцијата за вработување на Република Македонија - надлежниот центар за вработување, список на корисници на социјална парична помош за субвенционирано вработување од ставот 1 на овој член.
Центарот за социјална работа до надлежниот центар за вработување доставува податок за висината на социјалната парична помош за корисникот кој е вработен со субвенционирано вработување, исплатена за последниот месец од месецот во кој лицето е вработено.
Центарот за вработување го известува надлежниот центар за социјална работа веднаш штом корисник на социјална парична помош ќе го одбие вработувањето од ставот 1 на овој член или ќе му престане работниот однос по негова вина или на негово барање, како и кога работодавачот неосновано ќе го откаже договорот за вработување."

**Член 3**

Во членот 56 по зборот "правото" се става запирка и се додаваат зборовите: "образецот на барањето".

**Член 4**

Во членот 67 по зборовите: "имотните права" се става запирка и се додаваат зборовите: "образецот на барањето".

**Член 5**

Во членот 68 став 2 по зборот "права" се става запирка и се додаваат зборовите: "образецот на барањето".

**Член 6**

Во членот 71 став 2 по зборот "дете" се става запирка и се додаваат зборовите: "образецот на барањето".

**Член 7**

Во членот 71-а став 4 по зборот "згрижувач" се става запирка и се додаваат зборовите: "образецот на барањето".

**Член 8**

Во членот 78 во третиот ред по зборовите: "друго лице" се додаваат зборовите: "образецот на барањето и".

**Член 9**

Во членот 80 став 2 по зборот "заштита" се става запирка и се додаваат зборовите: „како и за потребите на лице - жртва на семејно насилство за обезбедување на итна заштита и згрижување".
Во ставот 3 по зборот "установа" се става запирка и се додаваат зборовите: „како и за лице - жртва на семејно насилство за остварување на право на здравствена заштита и медицински третман".

**Член 10**

Во членот 81 по зборот "помош" се става запирка и се додаваат зборовите: "образецот на барањето".

**Член 11**

Во членот 82 став 5 по зборот "начинот" се става запирка и се додаваат зборовите: "образецот на барањето".

**Член 12**

Во членот 83 ставот 3 се менува и гласи:
"Начинот на остварување на правото на парична помош за социјално домување за лицата од ставот 2 алинеја 1 на овој член, со акт ги определува советот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје."
По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:
"Образецот на барањето, потребната документација и начинот на остварување на правото на парична помош за социјално домување за лицата од ставот 2 алинеја 2 на овој член ги пропишува министерот."
Ставовите 4 и 5 стануваат ставови 5 и 6.

**Член 13**

Во членот 84-а став 8 по зборот "слепило" се става запирка и се додаваат зборовите: "образецот на барањето и".

**Член 14**

Во членот 181 став 1 по зборот "живеалиште" се додаваат зборовите: „или престојувалиште".

**Член 15**

Во членот 185 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:
„Центарот за социјална работа е должен да ја изготви службената документација од ставот 1 на овој член во рок од 60 дена од денот на започнувањето на постапката."
Ставот 2 станува став 3.

**Член 16**

По членот 198-в се додава нов член 198-г, кој гласи:

**„Член 198-г**

Министерот со општ акт ги пропишува начинот, потребната документација и обрасците на барањата во постапката за утврдување на исполнетост на условите за почеток со работа на установа за социјална заштита, впишување на здружение во регистарот на здруженија од областа на социјалната заштита и издавање на

дозвола за самостојно вршење на работи од социјална заштита како професионална дејност од физичко лице.‟

**Член 17**

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 18**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за социјалната заштита.

**Член 19**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ”Службен весник на Република Македонија‟.